

**Меките кожни израстоци на гениталните органи кои се предизвикани од вируси се многу чест естетски проблем. Се јавуваат и кај мажите и кај жените и најчесто предизвикуваат чувство на непријатност**

# Ласерско отстранување на генитални брадавици

Гениталните брадавици ги предизвикува хуман папилома вирусот (ХПВ), една од најчестите сексуално преносливи болести. Одредени форми на овој вирус предизвикуваат карцином на грлото на матката, анусот и пенисот. Според статистиките, најмалку 50% од сексуално активните мажи и жени ќе добијат ХПВ-инфекција во одреден момент од животот, а со тоа и можност за појава на генитални брадавици. За тоа што се гениталните брадавици, зошто и каде се појавуваат, но и за ласерскиот третман за нивно безболно отстранување разговаравме со лекарите од Одделот за дерматовенерологија на Клиничката болница „Аџибадем Систина“.

## Што се генитални брадавици?

- Гениталните брадавици се кожни израстоци во розова или црвена боја кои се појавуваат во пределот на половите органи. Многу често се појавуваат во форма на групи кои личат на гроздови и се проследени со болка, крвавење и чешање. Кај жените гениталните брадавици може да се развијат од надворешната или внатрешната страна на вагината, на грлото на матката, околу анусот или во устата доколку се има орален секс со заразено лице. За да се утврди дали се опасни треба да се посети гинеколог кој ќе препорача одредени испитувања.

## Како се лекуваат?

- Кога ќе решите да го отстраните кожниот израсток најважно е прво да посетите дерматолог. По прегледот, се прави процена на израстокот, анализа и фотодокументација со дерматоскопија. Најбрз и најбезболен третман за отстранување на гениталните брадавици е со помош на радиофреквентниот ласер Ellman surgitron dual. Радиобрановата технологија ги отстранува брадавиците со помош на енергијата од радиобрановите. Во исто време се отстранува израстокот и ткивото коагулира, па затоа не е потребен хируршки конец. Ласерската интервенција може да се изведува со општа или локална анестезија, во зависност од бројот на генитални брадавици. Естетскиот момент, процесот на заздравување и степенот на болка се многу подобри во однос на останатите методи. Уште една предност на ласерската интервенција е тоа што здравото ткиво во непосредна близина и здравото ткиво длабоко под брадавицата не се оштетува за време на ласерскиот третман. Вообичаено не останува лузна на ласерски третираното место. Ласерскиот третман е безбеден и за бремени жени.

## Колку се важни советите од дерматовенеролог?

- За жал, не постои третман кој може да го убие вирусот кој ги предизвикува гениталните брадавици, но доколку тие се појават постои решение за нивно трајно отстранување. Лекувањето на претканцерогените промени е еден од најефикасните начини да се спречи појавата на карцином. Затоа при појава на какви било кожни израстоци или промени на кожата секогаш прво обратете се кај дерматовенеролог, кој на професионален начин ќе се погрижи за безбедно отстранување на израстокот со најсовремена технологија и без последици.